# ПОДОБРУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТИ
## - ЕКОНОМСКИ ФОРУМ -

Предложената тема **"Предизвици за подобрување на буџетирањето на локално ниво во Република Македонија"** претставува природно надоврзување на прашањата кои беа опфатени со работилницата "Мерење на фискалниот капацитет на ЕЛС во Република Македонија", одржана на 24 и 25 февруари 2005 година во Скопје. И вториот економски форум, плод на соработката помеѓу Фондација Институт отворено општество – Македонија и Центарот за економски анализи – Скопје е посветен на децентрализацијата, од едноставна причина што се работи за една од најголемите системски реформи во поновата независна историја на Република Македонија.

За обемноста на целиот проект доволно илустративно говорат проценките дека на локално ниво ќе бидат трансферирани 489 установи, 27.000 вработени, 400.545 $m^2$ згради и други објекти. Се разбира, крајната цел на трансферот на имот, финансиски и човечки ресурси не е да се зајакнат локалните финансии, туку да се обезбеди поефикасно извршување на пренесените надлежности на локално ниво. Воедно, поголемата финансиска автономија на општините треба да го збогати квалитетот на јавните услуги, особено во делот на промовирањето иницијативи за локален економски развој.

Тема на вториот економски форум: да ги идентификува клучните реформи во буџетирањето на локално ниво, и преку конструктивна дебата да им понуди конкретни препораки на претставниците на општинската администрација. Целната група на овој настан се повисоките претставници на општинските власти (градоначалници или претседатели на совети), но не е исклучено учеството на државните службеници квалификувани да работат во областа на финансиското управување или на утврдување и наплата на локалните даноци.